ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-1510/1
24.03.2025 год.
СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Врз основа на Законот за здруженија и фондации (“Службен весник на Република Македонија“ број 52/2010) и Програма за основно образовние на општина Гази Баба за 2025 година, Општина Гази Баба-Скопје објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК

**за пројавување интерес за реализација на заедничка активност – Стоматолошка едукација на ученици**
**со рок за пријавување 25.03.2025 до 28.03.2025 година**

До сите здравствени установи – Ординации по ортодонција кои се регистрирани на територија на Општина Гази Баба, заедно со општината да реализраат Стоматолошка едукација на учениците кои учат во основните училишта во Општина Гази Баба.

За реализација на активноста, Општината обезбеди финансиски средства, предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година од Програма за основно образовнаие на општина Гази Баба за 2025 година во износ од 200.000,00 денари.

**Основни организациски критериуми**

Основни организациски критериуми што треба да ги исполнуваат здравствени установи – Ординации по ортодонција кои учествуваат на овој повик се:

1. Да се регистрирани во согласност со Законот за здравствена заштита
2. Да имаат важечка лиценца за работа во областа и
3. Носителот на проектот да има минимум едно лице со стекнато звање “Специјалист по ортодонција;

**Заинтересираните субјекти треба да достават:**

1. Пријава
2. Тековна состојба
3. Решение за основање здравствена установа – ординација по ортодонција
4. Решение за дозвола за работа на ординацијата
5. Потврда за минимум едно вработено лице со звање Специјалист по ортодонција

Напомена: Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Рокот за поднесување на пријавите е од 25.03.2025 до 28.03.2025 година. Огласот ќе биде објавен и на веб страницата на Општина Гази Баба.

Пријавата со целокупната документација да се достави преку пошта, на адреса:

**Општина Гази Баба**

**Улица “Архимедова“ број 2, 1000 Скопје**
Или во архивата на Општината од 08:00 до 16:00 часот.

**Напомена: Некомплетните и пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.**